РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-171/2
01-02-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 99 -та седница прво продолжение одржана на ден 30.01.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр.09-1423 од 03.03.2023 година поднесена од познат подносител против ------, -------, членови на Управен одбор, како и во врска со работењето на ------------- **СЕ ЗАПИРА.**

Се констатира дека ДКСК во врска со слични наводи има постапувано и со Одлука бр.12-612/28 од 18.12.2023 година донесена на 95-седница одржана на 15.11.2023 година има поднесено Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против директорот на -------- и до Владата на РСМ Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност, а за одредени наводи не се обезбедија релевантни докази, поради што нема елементи за понатамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставена е пријава од познат подносител заведена со број 09-1423/1 од 03.03.2023 година, во која се укажува на сомнение за постоење на судир на интереси кај --------, -----------, членови на Управен одбор, како и на неправилности и нерегуларности во работата на ---------- и состојбите на -----------.

Исто така до ДКСК со наводи за судир на интереси доставена е и анонимна пријава заведена под бр.09-9715 против и со Службена белешка бр.09-9715/2 од 11.07.2023 година, двете пријави се споени и постапката продолжи во предметот под бр.09-1423.

Се констатира дека -------- од страна на Владата на РСМ со Решение бр.20----/1 од 15.12.20--- година е именуван за вд директор на -----------, од 09.02.2021 година е избран за директор, а во два наврати од 15.02.2023 и 01.09.2023 година е именуван за вд директор на оваа институција.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба во врска со поднесената пријава и по однос на постоење судир на интереси, ДКСК достави барање до ------- за обезбедување на документација и податоци, по кое одговорното лице не постапи ниту во определениот рок, ниту пак по истекот на истиот, односно не ги достави бараните податоци и документација. Од причини што ваквото дејствие е казниво согласно Законот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК издаде прекршочен платен налог по кој именуваниот постапи и ја плати изречената глоба.

Со цел продолжување на постапката и обезбедување на потребните податоци, ДКСК се обрати и до подносителот на барањето.

Исто така, во врска со наводите од пријавата, ДКСК побара одговор и од Министерството за ------- во врска со годишните извештаи за работа на -------, понатаму да изврши инспекциски надзор за лицата кои се наведени во двете пријави, како и да се оцени потребата од вршење надзор согласно член 60 од Законот за -----------.

Од одговорот доставен од Министерство за ------ се констатира дека со Решение бр.14----/1 од 22.02.20-- година донесено од Владата на РСМ, за членови на Управен одбор именувани се: ---, ---, ---- и ----, а на ден 06.06.20-- година, -------- по нејзино барање е разрешена и не е именуван нов член.

Од обезбедената документација по овој предмет, како и во предметот оформен во Одделението за корупција, се констатира дека Министерството за ------ има извршено неколку вонредни инспекциски надзори во ------.

Така по поднесена Иницијатива од -------- има спроведено вонреден инспекциски надзор во врска со финансирање проекти од -----, како и заради поддршка, презентирање и грижа за ------. Со инспекцискиот надзор е опфатена постапката за финансирање на ----- ,,------,,, а Министерството за ----- е известено дека ----- ,,-----,, е всушност работен наслов на ------- ,,-------,,. За извршениот инспекциски надзор составен е Записник ИП 1 бр.57--- од 07.09.20-- година со кој не се утврдени неправилности, но во истиот е наведено дека имајќи ја предвид висината на буџетските средства коишто се одобрени од страна на ----, записникот ќе биде доставен на запознавање и евентуално понатамошно постапување до Министерството за ------ и Управа за ------. Оттука се констатира дека со овој инспекциски надзор се опфатени дел од наводите содржани во анонимната пријава поднесена до ДКСК и за истото е постапувано.

Во врска со примена на членовите 32 и 54 од Законот за ---------, по поднесено барање од Здружението --------, спроведен е инспекциски надзор и составен Записник ИП 1 бр.57--- од 18.04.20-- година со кој се опфатени --- 2022/2023, --- за 2022 година- ---, ---- за 2022 година ---- и ----, како и членовите на Управниот одбор меѓу кој и ---. Врз основа на овој записник му е укажано на одговорното лице на субјектот на надзорот, по службена должност да внимава дали членовите на ----, ---, ---- и другите надворешни соработници, членовите на ----, како и другите лица од член -- од Законот за ----, и покрај дадените писмени изјави за немање судир на интереси со поднесените барања по објавениот конкурс, учествуваат во реализација на проекти, за којшто е поднесена пријава. Овој записник, исто така е земен во предвид од страна на ДКСК при донесување на Одлуката бр. 12-612/28 од 18.12.2023 година.

Исто така, Министерството за ---Сектор за---- постапувал и по барање на ДКСК и за извршениот инспекциски надзор има составено Записник ИП 1 бр.57--- од 27.11.2023 година при што не се констатирани неправилности во смисол на член -- од Законот за ---.

Во врска со наводите од пријавата кои се однесуваат за Годишниот извештај и финансирањето на------------- кое од страна на --------- е финансирано по повеќе основи, се констатира дека по барање на ДКСК, било предмет на ревизија од страна на Државниот завод за ревизија и ова е целосно опфатено со Одлуката бр. 12-612/28 од 18.12.2023 година на ДКСК, врз основа на која е поднесена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење и Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на директорот на ----.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид наведеното, извршената ревизија од страна на Државен завод за ревизија, Одлуката бр.12-612/28 од 18.12.2023 година донесена од ДКСК на 95-седница одржана на 15.11.2023 година со која е поднесено Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против директорот на ------, а до Владата на РСМ Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност, ДКСК на седницата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклчуок од седница на ДКСК,
Контролирал: К.З-раководител

Во врска со ---член на Управен одбор на ----- со Решение бр.14---/1 од 22.02.20-- година донесено од Владата на РСМ, се констатира дека именуваната во својство на ---- има реализирано проекти во ---- во ----- во 2015 година и ---- во -----, БИХ во 2018 година. Двата проекти биле поддржани од Министерство за ---, по конкурс за финансирање на -----, не се поврзани со конкурси кои ги објавува ----- и во периодот на нивна реализација не била член на Управениот одбор. При надзорот биле презентирани изјави за непостоење судир на интереси.

Врз основа на обезбедената документација за -----, се утврди дека е член на Управен одбор на ---- со Решение бр.14---/1 од 22.02.20-- година донесено од Владата на РСМ, а со Решение бр.15---/2 од 06.06.20-- година е разрешена. Од одговорот на Министерството за ---- се констатира дека при извршениот инспекциски надзор дала изјава на записник дека додека била член на Управниот одбор, немала судир на интереси во смисла на член --- од Законот за ----, но и пошироко од тоа, а исто така при надзорот биле презентирани изјави за непостоење на судир на интереси по однос на поднесени пријави на ------.

Со цел да се утврди евентуално постоење на судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од релевантна важност беше да се обезбедат записници од Управниот одбор. Се констатира дека во врска со работата на Управниот одбор, ДКСК во постапката што се водеше во Одделението за корупција, до Директорот на ------ веќе има доставено барање на записници од Управниот одбор на кој се одлучувало за -----, но и во оваа постапка, именуваниот не ја достави бараната документација, поради што исто така му е издаден прекршочен платен налог, кој е платен од негова страна. Оттука, ДКСК не можеше да ги обезбеди записниците од Управен одбор, врз основа на што евентуално може да се утврди постоење судир на интереси кај одредени членови. По однос на наведеното, се има предвид дека за одговорното лице во ---, веќе се иницирани постапки пред надлежен орган од страна на ДКСК.

Во врска со --- – , за нејзиното учествува во --- и ---, од страна на надлежен инспектор е констатирано дека овие настани се случиле во 2014 и 2015 година и биле реализирани многу порано од периодот во којшто таа била именувана за ----.

По однос на --- --- , се констатира дека со Решение бр.03---/1 од 20.05.20-- година и бр.03---/1 од 17.11.20-- година е именувана за евалуација на проектите доставени на --- за 2022 година, а со решенија од 04.07.20-- и 02.11.20-- година, именувана е за ----- на Конкурсот за 2023 година.

Во врска со ----- се констатира дека е именуван за --- од Директорот на ----- со Решение бр.03---/1 од 19.04.20-- и бр.03---/1 од 03.02.20-- година. Во врска со наводите од пријавата дека учествувал во реализација на ------, според надлежниот инспектор од извештаите за извршена контрола од страна на ------, не може да се утврди дали ---- како претседател на Надзорниот одбор учествувал во реализација на проектот.

Од причини што до ДКСК не беа доставени бараните податоци и за овие лица не беа обезбедени сите релевантни докази за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК не утврди дека овие лица се опфатени под поимот ,,службено лице,, од член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.